РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА ЈОСИП БРОЗ - ТИТО
БР. 04-430/2
18.12.2025 ГОД.
БИТОЛА

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 ) и („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), а во врска со објавениот Јавен оглас број 834/2025, за вработување на (1) еден административен службеник од категорија Г1-Самостоен референт за благајна -Благајник во Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито" Битола и Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас 834/2025, број 10-1620/13 од 16.12.2025 година, Директорот на Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито"-Битола на ден 18.12.2025 година донесе:

# ОДЛУКА
## За избор на кандидат за вработување

1. За работно место ОБН0102Г01008 Благајник I Самостоен референт за благајна -Благајник, Одделение за финансии и сметководство, Административна служба, (1)еден извршител се избира кандидатот Љубомир Тошески со идентификационен код 24A9B6F.
2. Именованиот ќе биде вработен на неопределено работно време на работното место од претходната точка, по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно Решение односно ќе склучи договор за вработување.
3. Одлуката за избор на кандидатот за вработување ќе се достави до избраниот кандидат и ќе се објави на интернет страницата и огласната табла на Агенцијата за администрација.
4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 24.7.2025 година во дневните весници „Вечер", „Слободен печат", „Коха" и интернет страницата на Агенцијата за администрација беше објавен Јавен оглас број 834/2025 за вработување на (1)еден административен службеник, во Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито" Битола.

Со Решение за формирање на Комисија за селекција за вработување по Јавен оглас бр. 10-1620/9 од 21.11.2025 година на Агенцијата за администрација, формирана е Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас број 834/2025, во функција за спроведување на постапката за селекција за вработување која се состои од административна селекција, испит за административен службеник, проверка на веродостојноста на докази и интервју.

Комисијата за селекција за вработување по Јавен оглас ја спроведе првата фаза од постапката за селекција за вработување – административна селекција, за што состави Записник од извршената административна селекција за административен службеник, бр. 10-1620/10 од 28.11.2025 година.

На ден 10.12.2025 година Комисијата за селекција за вработување ја спроведе втората фаза од постапката за селекција за вработување – испит за административен

службеник за што состави Записник од спроведениот испит за административен службеник, бр. 10-1620/11 од 10.12.2025 година.

На ден 16.12.2025 година се спроведе последната фаза од постапката – проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник за што е составен Записник од спроведената проверка на веродостојност на докази и интервју за административен службеник бр. 10-1620/12 од 16.12.2025 година.

Постапувајќи во согласност со член 42 став 7 од Законот за административни службеници, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас подготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и во согласност со член 44 од Законот за административни службеници до Средното општинско училиште Гимназија „Јосип Броз Тито"-Битола доставен е Предлог за вработување на кандидати по Јавен оглас 834/2025, број 10-1620/13 од 16.12.2025 година.

Во Предлогот за вработување на кандидати по Јавен оглас 834/2025, за работното место ОБН0102Г01008 Благајник I, Самостоен референт за благајна – Благајник, Одделение за финансии и сметководство, Административна служба, (1) извршител за вработување се предлага кандидатот Љубомир Тошески со идентификационен код 24A9B6F.

Врз основа на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на интернет страницата и на огласната табла на Агенцијата за администрација.

Директор

Лидија Споа

Доставено до:

- Кандидатот
- Агенцијата за администрација
- Архива